Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 26.05.2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3613 | 1 | |


**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** издавачите на печатени медиуми Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот “Мајка и бебе“ и Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделникот „Битолски весник“, и тоа:
   2.1. изданието бр.27 на магазинот „Мајка и бебе“ од мај 2015 година
   2.2. изданието бр.2604/5 на неделникот „Битолски весник“ од 29.04.2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 мај 2015 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми постапиле во целост, делумно или не постапиле по решенијата за преземање мерка – опомена упатени од Агенцијата, по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот “Мајка и бебе“ беше извршен на 16.03.2015 година, а над Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделникот „Битолски весник“ на 31.03.2015 година. Со двата надзора беше констатирано дека овие издавачи на печатени медиуми само делумно ја исполниле обврската член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.* За констатираните прекршувања на Законот, на двата издавачи на печатени медиуми Агенцијата им упати мерки – опомена, и тоа:
   1. Решение за преземање мерка бр.03-699 од 01.04.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделникот „Битолски весник“.
   2. Решение за преземање мерка бр.03-643 од 19.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот “Мајка и бебе“.

5. **Констатации од надзорот: Прекршувањата во целост се отстранети.**

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***